Davet

# Да научиме да клањаме



**Бидејќи на верниците им е пропишано во одредени временски интервали намазот да го извршуваат.**
***Куран – 4:103***

1 **Сабах намаз** *(Феџр)* се клања од појавата на мугрите, кога мракот на ноќта ќе почне да се разликува од бледата утринска светлина и сѐ до изгрејсонце.

2 **Пладне намаз** *(Зухр)* се клања откако сонцето ќе се придвижи од зенитот сѐ до позиција кога сенката на објектот ќе ја достигне должината на објектот.

3 **Икиндија намаз** *(Аср)* се клања од завршетокот на пладне намазот до пред зајдисонце.

4 **Акшам намаз** *(Магреб)* се клања од заоѓањето на сонцето па до затемнување на хоризонтот.

5 **Јација намаз** *(Иша)* се клања по целосно затемнување на хоризонтот и сѐ до пред мугрите.

## ОДРЕДБИ НА НАМАЗОТ

Намазот е фарз, обврска за секој верник и верничка, Аллах го наредил во Куранот. Возвишениот Аллах вели: **„А кога ќе бидете безбедни, намазот во потплност извршувајте го, бидејќи на верниците им е пропишано во одредени временски интервали намазот да го извршуваат.“** (4-103)

| **Намаз** | **Сунет** (пред фарз) | **Фарз** | **Сунет** (по фарз) |
|---|---|---|---|
| Сабах | 2 | 2 | |
| Пладне | 4 | 4 | 2 |
| Икиндија | 4 непотврден сунет | 4 | |
| Акшам | | 3 | 2 |
| Јација | 4 непотврден сунет | 4 | 2 |

Витр 3

**Фарзовите** се задолжителни намази од Аллах за секој свесен муслиман, и за нивно неклањање без оправдување следува казна на овој свет и по смртта.
**Сунетите** се незадолжителни намази, но добро е да се клањаат бидејќи ги клањал и Аллаховиот Пратеник а.с. Во табелата се наведени 12 рекати сунет кои Мухамед а.с. обично ги клањал и го пофалил нивното клањање велејќи: *„Нема ниеден роб муслиман кој клања секој ден 12 доброволни рекати покрај фарзот, а Аллах да не му изгради куќа во џенетот.“* (Муслим, бр. 728)
**Витр намаз** – не е убаво да не се клања, иако не е фарз. Мухамед а.с. не го изоставал.

## УСЛОВИ ЗА ВАЛИДНОСТА НА НАМАЗОТ

### Пред почетокот на намазот

- Земање абдест.
- Да ни се чисти: телото, облеката и местото каде ќе клањаме.
- Покривање на телото.
- Свртување кон Кибла (Мека).
- Намазот да се изврши во одредено време.
- Да се направи ниет (да се одлучи со срце).

### Додека сме во намаз

- Земање на почетниот текбир.
- Стоење (кијам).
- Рецитација на Куранот (Фатиха).
- Поклонување (руку) .
- Паѓање ничкум (сеџда).
- Седење на крајот на намазот (тешехуд).

## ДА ПОЧНЕМЕ СО АБДЕСТОТ (ЧЕКОР ПО ЧЕКОР)



Откако со срцето ќе направиме ниет за абдест, како и за секое добро дело, почнуваме со Бисмиллах (Во името на Аллах).



Добро ги миеме дланките до рачните зглобови, добро триеме помеѓу прстите и околу ноктите.



Ја плакнеме устата трипати, добро е да ги почистиме и забите, доволно е со кажипрстот.



Го плакнеме носот трипати.



Го миеме лицето трипати.



Ја переме десната дланка и раката до зад лактот трипати.



Ја переме левата дланка и раката до зад лактот трипати.



Ја триеме еднаш со влажна дланка целата глава.



Со влажни дланки ги триеме ушите со тоа што со кажипрстот ја допираме внатрешноста на увото, додека со палецот го допираме надворешниот дел на увото.





Потоа ги переме нозете до над зглобовите трипати, внимаваме ниеден дел да не остане ненавлажнет, првин десната а потоа левата нога.

### ДОВА ПО АБДЕСТОТ

„ЕШХЕДУ ЕН ЛА ИЛАХЕ ИЛЛАЛЛАХУ ВАХДЕХУ ЛА ШЕРИКЕ ЛЕХУ ВЕ ЕШХЕДУ ЕННЕ МУХАММЕДЕН АБДУХУ ВЕ РЕСУЛУХУ“
Сведочам дека нема друг бог достоен за обожување освен Аллах, Единиот, Кој нема содружник, и сведочам дека Мухамед е Негов роб и пратеник! (Муслим 1/209)

# КЛАЊАЊЕ НА САБАХ НАМАЗОТ (ЧЕКОР ПО ЧЕКОР)

## ПРВ РЕКАТ

## ПРЕВОД

1 **ГИ КРЕВАМЕ РАЦЕТЕ И ИЗГОВАРАМЕ:**

АЛ-ЛАХУ ЕКБЕР



Аллах е најголем.

2 **ГИ ВРЗУВАМЕ РАЦЕТЕ НА ПОЈАСОТ – ДЕСНАТА НАД ЛЕВАТА И ИЗГОВАРАМЕ:**

СУБХАНЕКЕ АЛ-ЛАХУММЕ ВЕ БИ
ХАМДИКЕ ВЕ ТЕБАРЕКЕСМУКЕ ВЕ
ТЕ'АЛА ЏЕДДУКЕ ВЕ ЛА ИЛАХЕ ГАЈРУКЕ



Нека си славен, мој Боже и кон тебе е сета благодарност. Благословено е твоето име и недостижна е Твојата големина и освен Тебе нема друг бог.

Е'УЗУ БИЛ-ЛАХИМИНЕШ-ШЕЈТАНИР-РАЏИМ

Се засолнувам кај **Аллах** од проколнатиот шејтан.

БИСМИЛ-ЛАХИР-РАХМАНИР-РАХИМ
ЕЛ ХАМДУЛИЛ-ЛАХИ РАББИЛ 'АЛЕМИН
ЕР-РАХМАНИР-РАХИМ
МАЛИКИ ЈЕУМИД-ДИН
ИЈЈАКЕ НА'БУДУ ВЕ ИЈЈАКЕ НЕСТА'ИН
ИХДИНАС-СИРАТАЛ МУСТЕКИМ
СИРАТАЛ-ЛЕЗИНЕ ЕН 'АМТЕ 'АЛЕЈХИМ,
ГАЈРИЛ МАГДУБИ 'АЛЕЈХИМ ВЕ ЛЕД-ДАЛ-ЛИН (АМИН)

Во името на Аллах, Семилосниот, Милостивиот! Благодарноста Му припаѓа на Аллах, Господарот на световите. Семилосниот, Милостивиот. Владетелот на Судниот ден. Само Тебе Те обожуваме и само од Тебе помош бараме! Упати нѐ на Вистинскиот пат. На патот на тие врз коишто Твојата благодат ја разлеа, а не на патот на тие врз коишто гневот Свој го разлеа и на тие што во заблуда скршнаа! (Амин)

ПОТОА РЕЦИТИРАМЕ ЕДНА СУРА...

БИСМИЛ-ЛАХИР-РАХМАНИР-РАХИМ
ИННА А'ТАЈНА КЕЛ КЕУСЕР
ФЕ САЛ-ЛИ ЛИ РАББИКЕ ВЕН ХАР
ИННЕ ШАНИЕКЕ ХУВЕЛ ЕБТЕР

Во името на Аллах, Семилосниот, Милостивиот! Ние навистина ти ја дадовме Кевсер, па затоа моли Му се на Господарот свој и курбан коли, а тој што те мрази - сигурно без помен ќе остане.

(ОВАА ПОЛОЖБА СЕ НАРЕКУВА КИЈАМ)

3 **ДОДЕКА ИЗГОВАРАМЕ АЛ-ЛАХУ ЕКБЕР СЕ НАВЕДНУВАМЕ НА РУКУ**

(СЕ НАВЕДНУВАМЕ И СО ДЛАНКИТЕ ГИ ОПФАЌАМЕ КОЛЕНАТА)

СУБХАНЕ РАББИЈЕЛ 'АЗИМ

Нека си славен, мој Најголем Господару.

(ОВАА ПОЛОЖБА СЕ НАРЕКУВА РУКУ)

3 ПАТИ



4 **ДОДЕКА ИЗГОВАРАМЕ:**

СЕМИ' АЛЛ-ЛЛАХУ ЛИМЕН ХАМИДЕХ



Аллах го слуша оној кој Го фали.

(СЕ ИСПРАВАМЕ И ИЗГОВАРАМЕ):

РАББЕНА ВЕ ЛЕКЕЛ ХАМД

Господару наш, Тебе ти припаѓа благодарноста.

**ПОТОА ИЗГОВАРАМЕ АЛЛАХУ-ЕКБЕР, ПАЃАМЕ НИЧКУМ И ГО СПУШТАМЕ ЛИЦЕТО НА ТЛОТО И ИЗГОВАРАМЕ:**

3 ПАТИ

СУБХАНЕ РАББИЈЕЛ А'ЛА



Славен нека е Возвишениот Господар.

(ОВАА ПОЛОЖБА СЕ НАРЕКУВА СЕЏДА)

5 **ПОТОА ИЗГОВАРАМЕ АЛ-ЛАХУ ЕКБЕР, СЕДНУВАМЕ ВО ОВАА ПОЗИЦИЈА И ИЗГОВАРАМЕ:**



„РАББИ ГФИРЛИ, РАББИ ГФИРЛИ"



Аллаху мој, прости ми. Аллаху мој, прости ми.

(ОВАА ПОЛОЖБА СЕ НАРЕКУВА ТЕШЕХУД)

6 **ИЗГОВАРАМЕ АЛ-ЛАХУ ЕКБЕР И СЕ СПУШТАМЕ НА ВТОРАТА СЕЏДА И ПОВТОРНО ИЗГОВАРАМЕ:**

3 ПАТИ

СУБХАНЕ РАББИЈЕЛ А'ЛА



Славен нека е Возвишениот Господар.

7 ПОТОА ИЗГОВАРАМЕ АЛ-ЛАХУ ЕКБЕР И СТАНУВАМЕ НА ВТОРИОТ РЕКАТ.

## Втор Рекат

## ПРЕВОД

8 ПОВТОРНО ГИ ВРЗУВАМЕ РАЦЕТЕ НА ПОЈАСОТ – ДЕСНАТА НАД ЛЕВАТА, И ЈА ИЗГОВАРАМЕ СУРАТА ФАТИХА (ПОГЛЕДНИ ГО ДВИЖЕЊЕТО БР. 2), А ПОТОА РЕЦИТИРАМЕ ЕДНА СУРА, НА ПР. СУРАТА ИХЛАС (ВИДИ ТЕКСТ БР. 9)

9

БИСМИЛ-ЛАХИР-РАХМАНИР-РАХИМ
КУЛ ХУ ВАЛ-ЛАХУ ЕХАД
АЛ-ЛАХУС-САМЕД
ЛЕМ ЈЕЛИД ВЕ ЛЕМ ЈУЛЕД
ВЕ ЛЕМ ЈЕКУЛ-ЛЕХУ КУФУВЕН ЕХАД

Кажи: „Тој е Аллах, Еден е!
Аллах е прибежиште секому!
Не родил и не е роден,
и никој не Му е рамен!“

10 ПОТОА, КАКО И НА ПРВИОТ РЕКАТ, СЕ НАВЕДНУВАМЕ, СЕ ИСПРАВАМЕ И ВРШИМЕ ДВЕ СЕЏДИ.



11 ПО ВТОРАТА СЕЏДА ИЗГОВАРАМЕ АЛ-ЛАХУ ЕКБЕР, СЕДНУВАМЕ И ИЗГОВАРАМЕ:

ЕТ-ТЕХИЈЈАТУ ЛИЛ-ЛАХИ ВЕС-САЛАВАТУ ВЕТ-ТАЈЈИБАТУ
ЕС-СЕЛАМУ ‘АЛЕЈКЕ ЕЈЈУХЕН-НЕБИЈЈУ
ВЕ РАХМЕТУЛ-ЛАХИ ВЕ БЕРЕКАТУХУ
ЕС-СЕЛАМУ ‘АЛЕЈНА ВЕ ‘АЛА ‘ИБАДИЛ-ЛАХИС-САЛИХИН
ЕШ ХЕДУ ЕН ЛА ИЛАХЕ ИЛ-ЛАЛ-ЛАХ
ВЕ ЕШ-ХЕДУ ЕННЕ МУХАММЕДЕН ‘АБДУХУ ВЕ РЕСУЛУХУ



Величањето му припаѓа само на Аллах, како и моите намази, моите дови и добрите дела. Нека е Аллаховиот мир над тебе, о, Аллахов Веровеснику, Неговата милост и Неговиот благослов. Нека е мирот над нас и над сите искрени Аллахови робови. Сведочам дека нема друг бог освен Аллах, и сведочам дека Мухамед е Негов роб и Него пратеник.

АЛ-ЛАХУММЕ САЛ-ЛИ ‘АЛА МУХАММЕДИН
ВЕ ‘АЛА АЛИ МУХАММЕД
КЕМА САЛ-ЛЕЈТЕ ‘АЛА ИБРАХИМЕ ВЕ ‘АЛА АЛИ ИБРАХИМ
ИННЕКЕ ХАМИДУН МЕЏИД

АЛ-ЛАХУММЕ БАРИК ‘АЛА МУХАММЕДИН
ВЕ ‘АЛА АЛИ МУХАММЕД
КЕМА БАРЕКТЕ ‘АЛА ИБРАХИМЕ ВЕ ‘АЛА АЛИ ИБРАХИМ
ИННЕКЕ ХАМИДУН МЕЏИД

Аллаху мој, смилувај му се на Мухамед и на неговото потомство, како што му се смилува на Ибрахим, и на неговото потомство. Навистина си Ти Возвишен и Благороден.

Аллаху мој, благослови го Мухамед и неговото потомство, како што го благослови Ибрахим и неговото потомство. Навистина си Ти Возвишен и Благороден.

ПРЕД ЗАВРШЕТОКОТ НА НАМАЗОТ, ДОДЕКА СЕДИМЕ, ГИ ИЗГОВАРАМЕ ДОВИТЕ:

РАББЕНА АТИНА ФИД-ДУНЈА ХАСЕНЕТЕН
ВЕ ФИЛ-АХИРЕТИ ХАСЕНЕТЕН ВЕ КИНА ‘АЗАБЕН-НАР.

РАББЕНА ГФИРЛИ ВЕ ЛИ ВАЛИДЕЈЈЕ ВЕ ЛИЛ-МУ’МИНИНЕ
ЈЕУМЕ ЈЕКУМУЛ ХИСАБ

Аллаху, Господару наш, дај ни добро на овој и на оној свет и спаси нè од џехенемскиот оган. Господару наш, прости ми мене, на моите родители и на сите муслимани на Судниот ден.

12 НАМАЗОТ ГО ЗАВРШУВАМЕ СО ПРЕДАВАЊЕ СЕЛАМ:
ЈА СВРТУВАМЕ ГЛАВАТА НАЈПРВИН ДЕСНО И ИЗГОВАРАМЕ:

ЕС-СЕЛАМУ ‘АЛЕЈКУМ ВЕ РАХМЕТУЛ-ЛАХ



Нека е над вас спасот Божји и милоста Божја.

ПОТОА ЛЕВО:

ЕС-СЕЛАМУ ‘АЛЕЈКУМ ВЕ РАХМЕТУЛ-ЛАХ



Нека е над вас спасот Божји и милоста Божја.

# КЛАЊАЊЕ НА ПЛАДНЕ, ИКИНДИЈА И ЈАЦИЈА НАМАЗОТ

ОВИЕ НАМАЗИ ИМААТ ПО ЧЕТИРИ РЕКАТИ. ИМАЈЌИ НАМЕРА (НИЕТ) ЗА КЛАЊАЊЕ НА ОДРЕДЕН НАМАЗ, КЛАЊАМЕ ДВА РЕКАТА, ИСТО КАКО КАЈ САБАХСКИОТ НАМАЗ, ДО ДВИЖЕЊЕТО БР. 11, ПОТОА ПО МОЛИТВАТА **ЕТ-ТЕХИЈАТУ**, ИЗГОВАРАЈЌИ **АЛЛАХУ-ЕКБЕР** СТАНУВАМЕ НА ТРЕТИОТ РЕКАТ.

## ТРЕТ РЕКАТ

Се врзуваме и ја изговараме само сурата **ЕЛ-ФАТИХА**. Потоа се наведнуваме, исправаме, вршиме две сеџди и стануваме изговарајќи **АЛ-ЛАХУ ЕКБЕР** (како на движењата бр. 3, 4, 5, 6, 7 и 8).



## ЧЕТВРТ РЕКАТ

И на овој рекат ја изговараме само сурата **ЕЛ-ФАТИХА**, потоа се наведнуваме, исправаме, вршиме две сеџди и на крајот седнуваме изговарајќи **АЛЛАХУ ЕКБЕР** и го завршуваме намазот со **ЕТ-ТЕХИЈАТУ**, **САЛАВАТИТЕ** и **ЗАВРШНИТЕ ДОВИ**, и на крајот предаваме **СЕЛАМ**. (види ги движењата бр. 10, 11 и 12)



# КЛАЊАЊЕ НА АКШАМ НАМАЗОТ

Акшамскиот намаз има три рекати. Имајќи намера за негово извршување, ги клањаме првите три рекати од пладне намазот, а потоа не стануваме на четвртиот рекат, туку седнуваме изговарајќи **АЛЛАХУ ЕКБЕР** и го завршуваме намазот со **ЕТ-ТЕХИЈАТУ**, **САЛАВАТИТЕ** и **ЗАВРШНИТЕ ДОВИ**, и на крајот предаваме **СЕЛАМ**. (види ги движењата бр. 10, 11 и 12).

# КЛАЊАЊЕ НА СУНЕТИТЕ

Имајќи намера за нивно извршување, сунетите со по два реката се клањаат подеднакво како и сабах намазот, додека сунетите со по четири рекати се клањаат подеднакво како и пладне намазот, со тоа што на третиот и четвртиот рекат по **ЕЛ-ФАТИХА** рецитираме уште една сура.

# ЕЗАН И ИКАМЕТ

**ЕЗАНОТ СЕ РЕЦИТИРА КОГА ЌЕ НАСТАПИ ВРЕМЕТО ЗА НАМАЗ, ДОДЕКА ИКАМЕТОТ СЕ РЕЦИТИРА ПРЕД ПОЧЕТОКОТ НА ФАРЗОВИТЕ**

| | ЕЗАН | ИКАМЕТ | |
|---|---|---|---|
| 4 | АЛ-ЛАХУ ЕКБЕР | АЛ-ЛАХУ ЕКБЕР | 4 |
| 2 | ЕШ-ХЕДУ ЕН ЛА ИЛАХЕ ИЛ-ЛАЛ-ЛАХ | ЕШ-ХЕДУ ЕН ЛА ИЛАХЕ ИЛ-ЛАЛ-ЛАХ | 2 |
| 2 | ЕШ-ХЕДУ ЕННЕ МУХАММЕДЕР-РЕСУЛУЛ-ЛАХ | ЕШ-ХЕДУ ЕННЕ МУХАММЕДЕР-РЕСУЛУЛ-ЛАХ | 2 |
| 2 | ХАЈЈЕ‘АЛЕС-САЛАХ | ХАЈЈЕ‘АЛЕС-САЛАХ | 2 |
| 2 | ХАЈЈЕ‘АЛЕЛ-ФЕЛАХ | ХАЈЈЕ‘АЛЕЛ-ФЕЛАХ | 2 |
| 2 | ЕС-САЛАТУ ХАЈРУН МИНЕН-НЕУМ (се кажува само на сабах намаз) | КАД КАМЕТИС-САЛАХ | 2 |
| 2 | АЛ-ЛАХУ ЕКБЕР | АЛ-ЛАХУ ЕКБЕР | 2 |
| 1 | ЛА ИЛАХЕ ИЛ-ЛАЛ-ЛАХ | ЛА ИЛАХЕ ИЛ-ЛАЛ-ЛАХ | 1 |

**ВАЖНОСТА НА НАМАЗОТ**

ВОЗВИШЕНИОТ АЛЛАХ ВЕЛИ:

**КАЖУВАЈ ГО ОД КНИГАТА ТОА ШТО ТИ СЕ ОБЈАВУВА И ИЗВРШУВАЈ ГО НАМАЗОТ – НАМАЗОТ НАВИСТИНА ОДВРАЌА ОД РАЗВРАТОТ И ОД СÈ ШТО Е ЛОШО.**

КУРАН – 29:45

ПРАТЕНИКОТ А.С. ВЕЛИ:

*„КОЈ ЌЕ ГО ЧУВА НАМАЗОТ, ТОЈ ЌЕ МУ БИДЕ СВЕТЛО, ДОКАЗ И СПАС НА СУДНИОТ ДЕН. А ОНОЈ ШТО НЕ ГО ЧУВА НАМАЗОТ, ТОЈ НЕМА ДА МУ БИДЕ СВЕТЛО, НИТУ ДОКАЗ, НИТУ СПАС, А НА СУДНИОТ ДЕН ЌЕ БИДЕ СО ХАРУН И СО ФАРАОНОТ, И СО ХАМАН И СО УБЕЈ ИБН ХАЛЕФ.“*

(ОВОЈ ХАДИС ГО ПРЕНЕСУВА АХМЕД И ИБН ХИБАН)